# Структура на вработените
# во радиодифузната индустрија во 2011 година

# 1. ТЕЛЕВИЗИСКА ИНДУСТРИЈА

Во 2011 година, во телевизиската индустрија во Република Македонија биле вработени вкупно 1771 лице, од кои 1513 биле во редовен работен однос, а 258 биле хонорарно ангажирани.

Табела 1: Структура на вработените во телевизиската индустрија

| | | Состојба на 31.12.2011 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 291 | 247 | 210 | 168 | 73 | 72 | 8 | 7 | 239 | 198 | 52 | 49 |
| 2 | Уредници | 31 | 56 | 28 | 38 | 3 | 18 | 0 | 0 | 26 | 46 | 5 | 10 |
| 3 | Управители/директори | 17 | 51 | 13 | 30 | 3 | 21 | 1 | 0 | 17 | 47 | 0 | 4 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 13 | 156 | 4 | 29 | 9 | 121 | 0 | 6 | 10 | 123 | 3 | 33 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 115 | 496 | 16 | 78 | 97 | 387 | 2 | 31 | 112 | 445 | 3 | 51 |
| 6 | Преостанат кадар | 176 | 122 | 59 | 34 | 101 | 72 | 16 | 16 | 148 | 102 | 29 | 19 |
| | ВКУПНО | 643 | 1128 | 330 | 377 | 286 | 691 | 27 | 60 | 552 | 961 | 92 | 166 |

Триесет и три отсто од вработените биле ангажирани во јавниот сервис, а останатите 67 отсто во комерцијалните телевизиски станици.




Како и претходната година, доминантно учество во вкупниот број на вработени имал реализаторскиот кадар (35 отсто), каде што видливо доминирале мажите со завршено средно образование (63 отсто). Тие, исто така, преовладувале и кај техничкиот кадар (121 лице од вкупно 169).

Позначајно учество во вкупниот ангажиран кадар е забележано и кај новинарите (538 лица или 30 отсто), од кои 39 отсто биле жени со завршено високо образование.

Приказ: Структура на вработените според работните места




Од вкупниот број на вработени во телевизиската индустрија во 2011 година, повеќе од половината (55 отсто) биле со комплетирано средно образование, 40 отсто завршиле високо образование, а само 5 отсто имале друг вид на образование.

Приказ: Структура на вработените според образование




Лицата со високо образование биле најбројни кај новинарскиот кадар (70 отсто), кај уредниците (76 отсто) и кај директорите, односно управителите (63 отсто). Во останатите категории најзастапени биле лицата со завршено средно образование, чиешто учество било најзабележително кај реализаторскиот кадар (79 отсто).

Доколку се погледне структурата за распределба на работните места според полот, може да се забележи дека мажите видливо доминираат кај реализаторскиот

кадар (од вкупно 1128 машки лица колку што биле вработени во телевизиската индустрија, 44 отсто биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар).

Приказ: Структура на вработените според пол




Женските лица се позастапени кај новинарите (54 отсто жени наспроти 46 отсто мажи ) и во категоријата „преостанат кадар“, каде претставуваат 59 отсто од вработените.

## 1.1. Македонска телевизија

Во анализираната година, во Македонската телевизија биле ангажирани 579 лица, сите во редовен работен однос.

Табела 2: Структура на вработените во Македонска телевизија

| | | Состојба на 31.12.2011 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 96 | 85 | 77 | 64 | 17 | 16 | 2 | 5 | 96 | 85 | 0 | 0 |
| 2 | Уредници | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| 3 | Управители/директори | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 0 | 14 | 0 | 0 | 0 | 9 | 0 | 5 | 0 | 14 | 0 | 0 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 63 | 196 | 9 | 34 | 52 | 131 | 2 | 31 | 63 | 196 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Преостанат кадар | 63 | 54 | 16 | 17 | 38 | 26 | 9 | 11 | 63 | 54 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 226 | 353 | 106 | 119 | 107 | 182 | 13 | 52 | 226 | 353 | 0 | 0 |

Распределбата на работните места во овој сегмент остана иста како и претходната година. Дури 45 отсто од вработените го сочинувале реализаторскиот кадар, каде што доминирале машките лица со завршено средно образование (51 отсто).

Приказ: Структура на вработените според работните места




Новинарите сочинувале 31 отсто од вкупниот број на вработени. Само кај нив доминирале лицата со високо образование (78 отсто), а кај сите други работни места најзастапени биле вработените со завршено средно образование.

.

## 1.2. Терестријални телевизиски станици на државно ниво

Во 2011 година, вкупниот број на вработени во терестријалните телевизиски станици на државно ниво изнесувал 400 лица. Во однос на претходната година овој број се намалил за 35 лица, а тоа се должи, пред се, на намалувањето на вкупниот ангажиран кадар во ТВ Алсат-М (во оваа телевизиска станица во 2010 година биле вработени вкупно 135 лица, а во анализираната година вкупно 104 лица).

Најголем дел од ангажираниот кадар во овој сегмент на телевизиската индустрија (127 лица) биле вработени во ТВ Сител и сите биле во редовен работен однос. Во ТВ Алсат-М работеле 104 лица, во ТВ Канал 5 вкупно 95, а во ТВ Телма 74 лица.

Од четирите телевизиски станици на државно ниво кои во 2011 година емитуваа програма преку терестријален предавател, хонорано ангажирани лица прикажала само ТВ Алсат-М (4 лица).

Табела 3: Структура на вработените во терестријалните телевизиски станици на државно ниво

| | | Состојба на 31.12.2011 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 71 | 53 | 56 | 41 | 15 | 12 | 0 | 0 | 68 | 52 | 3 | 1 |
| 2 | Уредници | 10 | 19 | 10 | 17 | 0 | 2 | 0 | 0 | 10 | 19 | 0 | 0 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 5 | 1 | 4 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 5 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 2 | 24 | 1 | 4 | 1 | 20 | 0 | 0 | 2 | 24 | 0 | 0 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, снимателиi, монтажери и др.) | 28 | 132 | 2 | 13 | 26 | 119 | 0 | 0 | 28 | 132 | 0 | 0 |
| 6 | Преостанат кадар | 29 | 26 | 9 | 4 | 19 | 21 | 1 | 1 | 29 | 26 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 141 | 259 | 79 | 83 | 61 | 175 | 1 | 1 | 138 | 258 | 3 | 1 |

Најзастапен во вкупниот број на вработени е реализаторскиот кадар (160 лица или 40 отсто), а на второто место е новинарскиот кадар со 31 отсто учество. Како инжинери и техничари биле ангажирани 26 лица, а уредниците и директорите учествувале со 7, односно 2 отсто во вкупниот број на вработени.

Приказ: Структура на вработените според работното место




Од приказот за степенот на образование на вкупниот кадар којшто бил ангажиран во терестријалните телевизиски станици може да се забележи дека лицата со високо образование значително доминирале кај новинарскиот кадар (78 отсто) и кај уредниците (93 отсто). Тие, исто така, биле побројни и кај директорите, а кај

останатите категории на работни места преовладувале вработените со завршено средно образование.

Приказ: Структура на вработените според образование




Што се однесува до половата застапеност, сите четири телевизиски станици ангажирале значително повеќе машки отколку женски лица.

Во ТВ Алсат-М 72 отсто од вработените биле мажи, а 28 отсто жени. Во ТВ Сител овој однос бил 63 отсто мажи наспроти 37 отсто жени, во ТВ Канал 5 машките лица учествувале со 61 отсто во однос на жените кои прикажале учество од 39 отсто, а во ТВ Телма мажите сочинувале 62 отсто од вработените, а жените 38 отсто. Женските лица преовладувале само кај новинарите, (жените во овој сегмент биле побројни за 18 лица) и кај категоријата „преостанат кадар“.

Приказ: Структура на вработените според пол




Најмногу лица коишто биле ангажирани како сниматели, режисери, монтажери и друг реализаторски кадар прикажала ТВ Алсат-М (65), а најмалку ТВ Канал 5 (17).

Приказ: Реализаторски и новинарски кадар

Кај новинарите, пак, од вкупно 124 лица колку што биле вработени во овој сегмент на телевизиската индустрија, најмногу (42 лица или 34 отсто) биле ангажирани во ТВ Канал 5, а најмалку во ТВ Алсат-М (15 отсто).

Приказ: Реализаторски и новинарски кадар




## 1.3. Сателитски телевизиски станици

Во 2011 година, во деветте сателитски телевизиски станици биле ангажирани вкупно 330 лица, од кои 281 биле во редовен работен однос, а 49 биле хонорарно ангажирани.

Најмногу вработени прикажала ТВ Алфа (122 лица – сите во редовен работен однос). Речиси за половина помалку вработени биле ангажирани во Наша ТВ (57 лица – од кои дури 31 лице биле хохорарно ангажирани) и ТВ 24 Вести (55 лица – сите во редовен работен однос). Останатите телевизиски станици имале значително помал број на ангажирани лица (ТВ Канал 5 Плус – 28 лица, ТВ Сонце – 27 лица, ТВ АБ Канал – 22 лица, ТВ Пинк 15 – 19 лица).

Табела 4: Структура на вработените во сателитските телевизиски станици

| | | Состојба на 31.12.2011 година | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | | | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | | |
| 1 | Новинари | 37 | 47 | 33 | 37 | 4 | 10 | 0 | 0 | 35 | 37 | 2 | 10 | | |
| 2 | Уредници | 8 | 8 | 7 | 8 | 1 | 0 | 0 | 0 | 8 | 8 | 0 | 0 | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Управители/директори | 2 | 5 | 1 | 4 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 5 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 5 | 51 | 3 | 19 | 2 | 32 | 0 | 0 | 5 | 41 | 0 | 10 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 18 | 85 | 4 | 21 | 14 | 64 | 0 | 0 | 17 | 72 | 1 | 13 |
| 6 | Преостанат кадар | 40 | 24 | 18 | 9 | 21 | 14 | 1 | 1 | 32 | 19 | 8 | 5 |
| | ВКУПНО | 110 | 220 | 66 | 98 | 42 | 121 | 2 | 1 | 99 | 182 | 11 | 38 |

Покрај Наша ТВ, хонорарно ангажирани лица прикажала уште само ТВ Сонце (8 лица).

Како и кај терестријалните телевизиски станици кои емитуваат програма на државно ниво, и овде реализаторскиот кадар е најзастапен во структурата на вработените (31 отсто од вкупниот број на вработени работеле како режисери, сниматели или монтажери). Дури 62 отсто од него го сочинувале машките лица со завршено средно образование.

Втор по застапеност е новинарскиот кадар со учество од 26 отсто. Во овој сегмент преовладувале вработените со високо образование (83 отсто), кај кои машките лица имале учество од 53 отсто наспроти 47 отсто жени со комплетирано високо образование.

Приказ: Структура на вработените според работно место




Од аспект на степенот на образование, половина од вработените се со завршено високо образование, 49 отсто имаат средно образование, а само еден отсто се со друго образование. Помеѓу вработените доминираат мажите со средно образование.

Приказ: Структура на вработените според степенот на образование




Учеството на вработените лица со високо образование е најзабележително кај новинарите (83 отсто). Најголем дел од лицата кои се ангажирани во реализаторскиот кадар се со завршено средно образование (76 отсто).

Приказ: Структура на вработените според пол




Од структурата на вработените според полот може да се види дека бројот на машки лица е двојно поголем од женските лица кои се вработени во овој сегмент на телевизиската индустрија (220 лица се мажи, а 110 жени).

Разликата во однос на полот е значително голема кај лицата кои го сочинуваат реализаторскиот кадар (85 мажи наспроти 18 жени), како и кај техничкиот кадар (во оваа категорија на вработени биле ангажирани 51 машко лице и само 5 жени).

Ист број на мажи и жени биле ангажирани како уредници, а жените преовладуваат само во категоријата „преостанат кадар“ (62 отсто).

Од аспект на половата застапеност кај реализаторскиот кадар, машките лица биле побројни кај сите сателитски телевизиски станици, освен кај ТВ Пинк 15, каде што преовладувале жените. Најголема разлика имало кај ТВ Алфа, каде што 92 отсто

од реализаторскиот кадар биле мажи, како и кај ТВ 24 Вести, каде што биле вработени 22 машки лица наспроти 5 женски.




Кај новинарскиот кадар, исто така, доминирале мажите (вкупно 47 мажи, наспроти 37 жени биле вработени како новинари во сателитските телевизиски станици во 2011 година).




ТВ Алфа и ТВ 24 Вести имале ист број мажи и жени новинари (по 16 мажи и жени биле анжирани во ТВ Алфа, а по 10 во ТВ 24 Вести). Во споредба со останатите телевизиски станици, ТВ Алфа имала ангажирано најголем број на новинари (32 лица).

## 1.4. Регионални телевизиски станици

Вкупно 112 лица биле вработени во десетте телевизиски станици коишто во текот на 2011 година емитуваа програма на регионално ниво. Од нив 54 биле во редовен работен однос, а 58 биле хонорарно ангажирани.

Најголем број лица биле ангажирани во ТВ Ера (31), од кои 16 биле во редовен работен однос, а 15 биле хонорано ангажирани. Позначаен број на вработени покажале и ТВ Едо (19) и ТВ МТМ (17).

Табела 5: Структура на вработените во сателитските телевизиски станици

| | | Состојба на 31.12.2011 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 23 | 16 | 9 | 0 | 9 | 16 | 5 | 0 | 4 | 2 | 19 | 14 |
| 2 | Уредници | 2 | 5 | 2 | 2 | 0 | 3 | 0 | 0 | 2 | 3 | 0 | 2 |
| 3 | Управители/директори | 2 | 6 | 2 | 4 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 6 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 2 | 14 | 0 | 1 | 2 | 13 | 0 | 0 | 0 | 10 | 2 | 4 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 2 | 20 | 1 | 4 | 1 | 16 | 0 | 0 | 2 | 11 | 0 | 9 |
| 6 | Преостанат кадар | 13 | 7 | 6 | 1 | 4 | 3 | 3 | 3 | 10 | 2 | 3 | 5 |
| | ВКУПНО | 44 | 68 | 20 | 12 | 16 | 53 | 8 | 3 | 20 | 34 | 24 | 34 |

Доколку се погледне структурата на вработените според работното место, може да се забележи дека новинарскиот кадар има доминантно учество во вкупниот број на вработени (35 отсто). Позначајно учество било забележано и кај реализаторскиот кадар (20 отсто).

Приказ: Структура на вработените според работно место



Што се однесува до распределбата на работните места според полот, 61 отсто од вкупниот број на вработени во регионалните телевизиски станици биле мажи, а 39 отсто жени. Жените биле побројни само кај новинарите и кај категоријата „преостанат кадар“.

Приказ: Структура на вработените според пол




Од вкупниот број на вработени во овој сегмент на телевизиската индустрија, со завршено средно образование биле 62 отсто, 28 отсто биле со високо образование, а 10 отсто имале друг вид на образование.

Лицата со средно образование доминирале кај новинарскиот (64 отсто), техничкиот (94 отсто) и кај реализаторскиот кадар (77 отсто).

Приказ: Структура на вработените според образование



## 1.5. Локални телевизиски станици

Во 2011 година, во локалниот телевизиски сектор биле вработени вкупно 350 лица, од кои 58 отсто биле во редовен работен однос, а 42 отсто биле хонорарно ангажирани.

Кај локалните телевизиски станици, најмногу лица биле ангажирани (во редовен работен однос и хонорарно) во ТВ ТВМ од Охрид (25), ТВ Тера од Битола (18) и ТВ Канал 8 од Кочани (17). Во редовен работен однос најмногу лица биле ангажирани во ТВ Тера од Битола (13), ТВ Кисс од Тетово (12) и ТВ ТВМ од Охрид (11).

Табела 6: Структура на вработените во локалните телевизиски станици

| | | Состојба на 31.12.2011 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 64 | 46 | 35 | 26 | 28 | 18 | 1 | 2 | 36 | 22 | 28 | 24 |
| 2 | Уредници | 9 | 22 | 7 | 9 | 2 | 13 | 0 | 0 | 4 | 14 | 5 | 8 |
| 3 | Управители/директори | 10 | 33 | 7 | 16 | 3 | 17 | 0 | 0 | 10 | 30 | 0 | 3 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 4 | 53 | 0 | 5 | 4 | 47 | 0 | 1 | 3 | 34 | 1 | 19 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 4 | 63 | 0 | 6 | 4 | 57 | 0 | 0 | 2 | 34 | 2 | 29 |
| 6 | Преостанат кадар | 31 | 11 | 10 | 3 | 19 | 8 | 2 | 0 | 14 | 1 | 18 | 9 |
| | ВКУПНО | 122 | 228 | 59 | 65 | 60 | 160 | 3 | 3 | 69 | 135 | 54 | 92 |

Во структурата на вработените најзастапен е новинарскиот кадар со учество од 31 отсто. Од нив, најбројни биле женските лица со завршено високо образование (32 отсто).

Реализаторскиот кадар бил на второто место по застапеност (19 отсто), а речиси половина од лицата кои работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (46 отсто) биле хонарно ангажирани.

Приказ: Структура на вработените според работно место




Осумдесет и пет отсто од вкупно ангажираниот реализаторски кадар биле мажи со комплетирано средно образование.

Машките лица со средно образование доминирале и кај техничкиот кадар (82 отсто).

Приказ: Структура на вработените според образование



# 2. РАДИОИНДУСТРИЈА

Во 2011 година, во радиската индустрија биле вработени вкупно 577 лица, од кои 468 биле во редовен работен однос, а 109 биле хонорарно ангажирани.

Табела 1: Структура на вработените во радиската индустрија

| | | Состојба на 31.12.2011 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 126 | 94 | 92 | 49 | 32 | 38 | 2 | 7 | 106 | 79 | 20 | 15 |
| 2 | Уредници | 16 | 14 | 12 | 7 | 4 | 7 | 0 | 0 | 8 | 11 | 8 | 3 |
| 3 | Управители/директори | 13 | 48 | 7 | 12 | 6 | 32 | 0 | 4 | 11 | 43 | 2 | 5 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 8 | 62 | 2 | 9 | 6 | 51 | 0 | 2 | 3 | 42 | 5 | 20 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 22 | 88 | 3 | 12 | 18 | 65 | 1 | 11 | 21 | 73 | 1 | 15 |
| 6 | Преостанат кадар | 62 | 24 | 12 | 10 | 44 | 10 | 6 | 4 | 49 | 22 | 13 | 2 |
| | ВКУПНО | 247 | 330 | 128 | 99 | 110 | 203 | 9 | 28 | 198 | 270 | 49 | 60 |

Во Македонско радио биле вработени повеќе од половината (52 отсто), а 48 отсто биле во комерцијалните радиостаници.




Највисок процент на учество било забележано кај новинарскиот кадар (38 отсто), којшто во најголем дел го сочинувале женски лица со завршено високо образование (42 отсто). Другите категории на вработени незначително се разликуваат во однос на застапеноста.

Приказ: Структура на вработените според работно место




Од вкупниот број на вработени во радиската индустрија во 2011 година 39 отсто имале комплетирано високо образование, 54 отсто биле со средно образование, а 7 отсто имале друг вид на образование. Лицата со високо образование преовладувале само кај новинарскиот кадар (64 отсто) и кај уредниците (63 отсто).

Приказ: Структура на вработените според степенот на образование




Застапеноста на машките лица со средно образование била најголема кај техничкиот и кај реализаторскиот кадар.

Односно, (73 отсто од вкупниот број на лица кои биле ангажирани како инженери и техничари биле мажи со комплетирано средно образование. Кај реализаторскиот кадар ова учество се проценува на 59 отсто.

Жените во радиската индустрија биле побројни кај новинарите, уредниците и во категоријата преостанат кадар.

Приказ: Структура на вработените според пол




## 2.1. Македонско радио

Во 2011 година, во Македонското радио биле вработени вкупно 298 лица, сите во редовен работен однос.

Табела 2: Структура на вработените во Македонско радио

| | | Состојба на 31.12.2011 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 80 | 61 | 61 | 40 | 17 | 15 | 2 | 6 | 80 | 61 | 0 | 0 |
| 2 | Уредници | 1 | 3 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 0 | 7 | 0 | 1 | 0 | 4 | 0 | 2 | 0 | 7 | 0 | 0 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 19 | 62 | 3 | 9 | 16 | 43 | 0 | 10 | 19 | 62 | 0 | 0 |
| 6 | Преостанат кадар | 43 | 20 | 6 | 7 | 32 | 9 | 5 | 4 | 43 | 20 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 144 | 154 | 72 | 61 | 65 | 71 | 7 | 22 | 144 | 154 | 0 | 0 |

Најброен бил новинарскиот кадар, кој учествувал со 47 отсто од вкупниот број на вработени. Кај него доминирале жените со завршено високо образование (43 отсто).

Значајно учество било забележано и кај реализаторскиот кадар, кај кој преовладувале машките лица со средно образование (53 отсто).

Приказ: Структура на вработените според работно место




## 2.2. Комерцијални радиостаници на државно ниво

Во трите комерцијални радиостаници кои во 2011 година емитуваа програма на државно ниво биле вработени вкупно 37 лица. Од нив, како и во претходната година, 19 биле во редовен работен однос, а бројот на хонорарно ангажирани изнесувал 18 лица.

Во Антена 5 биле вработени најголем број на лица, вкупно 23, а во Канал 77 и во Метрополис биле ангажирани по 7 вработени (сите вработени во РА Метрополис биле хонорарно ангажирани).

Табела 3: Структура на вработените во комерцијалните радиостаници на државно ниво

| | | Состојба на 31.12.2011 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 8 | 7 | 7 | 3 | 1 | 4 | 0 | 0 | 3 | 3 | 5 | 4 |
| 2 | Уредници | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 3 | Управители/директори | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 0 | 6 | 0 | 1 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 2 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 0 | 7 | 0 | 1 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 4 |
| 6 | Преостанат кадар | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | 12 | 25 | 8 | 8 | 4 | 17 | 0 | 0 | 6 | 13 | 6 | 12 |

Во 2011 година, доминантно учество во радиската индустрија на државно ниво има новинарскиот кадар (41 отсто). Од вкупниот број на новинари кои биле вработени, помалку од половина (40 отсто) биле во редовен работен однос.

Позначајно учество бележи и реализаторскиот кадар (19 отсто), каде што преовладуваат машките лица со завршено средно образование (86 отсто)

Приказ: Структура на вработените според работно место




Од структурата на вработените според полот може да се види дека мажите се двојно повеќе застапени (67 отсто). Ниту едно женско лице не било ангажирано ниту едно женско лице Кај новинарскиот кадар и кај уредниците, бројот на женски лица е поголем за 1 од бројот на машки лица. Од друга страна пак, забележливо е дека во категориите „управители", „технички кадар" и „реализаторски кадар" женските лица воопшто не се застапени.

Приказ: Структура на вработените според пол




Од аспект на образованието, кај вработените преовладувале лицата со комплетирано средно образование (57 отсто). Со завршено високо образование биле

43 отсто од вработените во овој сегмент, а лица со друго образование не биле ангажирани.

## 2.3. Регионални радиостаници

Во анализираната година, во шеснаесетте радиостаници кои емитуваа програма на регионално ниво биле ангажирани вкупно 80 лица. Од нив, 62 лица биле во редовен работен однос , а 18 биле хонорарно ангажирани (69 отсто од вработените во редовен работен однос биле машки лица).

Табела 4: Структура на вработените во регионалните радиостаници

| | | Состојба на 31.12.2011 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 14 | 9 | 11 | 3 | 3 | 6 | 0 | 0 | 11 | 8 | 3 | 1 |
| 2 | Уредници | 6 | 3 | 5 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 2 | 2 | 1 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 13 | 1 | 6 | 0 | 6 | 0 | 1 | 1 | 13 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 3 | 18 | 1 | 2 | 2 | 16 | 0 | 0 | 2 | 15 | 1 | 3 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 1 |
| 6 | Преостанат кадар | 6 | 1 | 4 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 5 | 1 |
| | ВКУПНО | 30 | 50 | 22 | 14 | 7 | 35 | 1 | 1 | 19 | 43 | 11 | 7 |

Позначајно учество во структурата на вработените имале новинарскиот (29 отсто) и техничкиот кадар (26 отсто).

Приказ: Структура на вработените според работно место




Најбројни кај вработените во регионалните радиостаници биле мажите (63 отсто), од кои најголем дел биле со завршено средно образование (70 отсто). Најголемо учество на мажите се забележува кај техничкиот кадар (18 мажи наспроти 3 жени), како и кај директорите (13 мажи наспроти една жена).

Приказ: Структура на вработените според пол




Жените доминирале кај новинарите (61 отсто жени наспроти 39 отсто мажи), уредниците и кај вработените од категоријата „преостанат кадар“.

## 2.4. Локални радиостаници

Во 2011 година, во локалните радиостаници биле ангажирани вкупно 162 лица, од кои 89 во редовен работен однос, а 73 биле хонорано ангажирани.

Табела 5: Структура на вработените во локалните

| | | Состојба на 31.12.2011 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 24 | 17 | 13 | 3 | 11 | 13 | 0 | 1 | 12 | 7 | 12 | 10 |
| 2 | Уредници | 7 | 7 | 6 | 1 | 1 | 6 | 0 | 0 | 2 | 6 | 5 | 1 |
| 3 | Управители/директори | 11 | 32 | 5 | 4 | 6 | 25 | 0 | 3 | 9 | 28 | 2 | 4 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 5 | 31 | 1 | 5 | 4 | 26 | 0 | 0 | 1 | 16 | 4 | 15 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 3 | 13 | 0 | 2 | 2 | 10 | 1 | 1 | 2 | 3 | 1 | 10 |
| 6 | Преостанат кадар | 11 | 1 | 1 | 1 | 10 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 8 | 1 |
| | ВКУПНО | 61 | 101 | 26 | 16 | 34 | 80 | 1 | 5 | 29 | 60 | 32 | 41 |

Најзастапени во однос на образованието биле машките лица со завршено средно образование (16 отсто).

Приказ: Структура на вработените според работно место




Позначајно учество имаат и новинарите, каде што доминираат жените (59 отсто). Најмногу хонорано ангажирани лица има кај техничкиот кадар.

| бр. | подрачје | назив | Новинари | Уредници | Управители/директори | Технички кадар (инжинери и техничари) | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | Преостанат кадар | Вкупно | Редовен работен однос | Хонорарно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 0 нац. | ТВ МТВ | 181 | 4 | 4 | 14 | 259 | 117 | 579 | 579 | 0 |
| 2 | 1 нац. | ТВ Алсат-М | 19 | 7 | 3 | 4 | 65 | 6 | 104 | 100 | 4 |
| 3 | 1 нац. | ТВ Канал 5 | 42 | 3 | 1 | 9 | 17 | 23 | 95 | 95 | 0 |
| 4 | 1 нац. | ТВ Сител | 38 | 8 | 1 | 4 | 58 | 18 | 127 | 127 | 0 |
| 5 | 1 нац. | ТВ Телма | 25 | 11 | 1 | 9 | 20 | 8 | 74 | 74 | 0 |
| 6 | 1 држ. Сат | ТВ Сонце | 12 | 1 | 1 | 1 | 7 | 5 | 27 | 19 | 8 |
| 7 | 1 држ. сат | ТВ АБ Канал | 6 | 1 | 1 | 3 | 5 | 6 | 22 | 22 | 0 |
| 8 | 1 држ. сат | ТВ НАША ТВ | 10 | 1 | 2 | 11 | 15 | 18 | 57 | 16 | 31 |
| 9 | 1 држ. сат | ТВ Сител 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | 1 држ. сат | ТВ 24 ВЕСТИ | 20 | 3 | 1 | 0 | 27 | 4 | 55 | 55 | 0 |
| 11 | 1 држ. сат | ТВ АЛФА | 32 | 9 | 2 | 26 | 38 | 15 | 122 | 122 | 0 |
| 12 | 1 држ. сат | ТВ Канал 5 Плус | 3 | 1 | 0 | 8 | 5 | 11 | 28 | 28 | 0 |
| 13 | 1 држ. сат | ТВ А2 | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 14 | 1 држ. сат | ТВ Пинк 15 | 1 | 0 | 0 | 7 | 6 | 5 | 19 | 19 | 0 |
| 15 | Скопје | ТВ Шутел | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 3 | 9 | 2 | 7 |
| 16 | Скопје | ТВ Скопје | 0 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 11 | 11 | 0 |
| 17 | Скопје | ТВ Амазон | 5 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 13 | 2 | 11 |
| 18 | Скопје | ТВ БТР | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 4 | 10 | 1 | 9 |
| 19 | Скопје | ТВ Едо | 10 | 1 | 1 | 2 | 4 | 1 | 19 | 3 | 16 |
| 20 | Скопје | ТВ Ера | 15 | 1 | 1 | 4 | 5 | 5 | 31 | 16 | 15 |
| 21 | Скопје | ТВ ПИНК МАК | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Скопје | ТВ Крт | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 23 | Скопје | ТВ МТМ | 6 | 1 | 1 | 2 | 5 | 2 | 17 | 17 | 0 |
| 24 | Скопје | ТВ Скајнет | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 25 | Берово | ТВ Топ ТВ | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 2 | 1 |
| 26 | Битола | ТВ Меди | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 27 | Битола | ТВ Орбис | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 6 | 6 | 0 |
| 28 | Битола | ТВ Тера | 4 | 1 | 1 | 2 | 5 | 5 | 18 | 13 | 5 |
| 29 | Валандово | ТВ ВТВ | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 1 | 3 |
| 30 | Велес | ТВ Канал 21 | 2 | 1 | 0 | 0 | 6 | 1 | 10 | 5 | 5 |
| 31 | Велес | ТВ Здравкин | 3 | 1 | 1 | 1 | 4 | 1 | 11 | 3 | 8 |
| 32 | Гевгелија | ТВ Нова | 3 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 9 | 4 | 5 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | Гостивар | ТВ Дуе | 4 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 10 | 2 | 8 |
| 34 | Гостивар | ТВ Чеграни Медиа | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 35 | Дебар | ТВ Дибра ТВ Дебар | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 4 | 3 | 1 |
| 36 | Делчево | ТВ Д1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 37 | Долнени | ТВ Лажани | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 38 | Кавадарци | ТВ КТВ | 3 | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 | 10 | 10 | 0 |
| 39 | Кавадарци | ТВ Тиквешија | 4 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 12 | 2 | 10 |
| 40 | Кичево | ТВ Боем | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 41 | Кичево | ТВ Гурра | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 42 | Кичево | ТВ Ускана | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 43 | Кочани | ТВ Кочани-ЛД | 6 | 2 | 1 | 3 | 2 | 0 | 14 | 6 | 8 |
| 44 | Кочани | ТВ Канал 8 | 8 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 17 | 9 | 8 |
| 45 | Кратово | ТВ Сител 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 46 | Крива Паланка | ТВ Златен канал | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 5 | 3 | 2 |
| 47 | Куманово | ТВ Далга-Крт | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 48 | Куманово | ТВ Феста | 3 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 8 | 2 | 6 |
| 49 | Куманово | ТВ Хана | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 50 | Куманово | ТВ Нова | 3 | 0 | 1 | 0 | 4 | 4 | 15 | 8 | 7 |
| 51 | Македонски Брод | ТВ Аниса | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 4 | 1 | 3 |
| 52 | Охрид | ТВ Морис | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 8 | 2 | 6 |
| 53 | Охрид | ТВ НТВ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 54 | Охрид | ТВМ | 5 | 2 | 1 | 3 | 4 | 10 | 25 | 11 | 14 |
| 55 | Прилеп | ТВ Вижн-БМ | 4 | 1 | 1 | 3 | 4 | 1 | 14 | 7 | 7 |
| 56 | Прилеп | ТВ НОВАТЕЛ-ПЛУС ДООЕЛ Прилеп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 57 | Пробиштип | ТВ Протел | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 58 | Радовиш | ТВ Еми | 2 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 7 | 7 | 0 |
| 59 | Радовиш | ТВ Ко-Бра | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 60 | Свети Николе | ТВ Свет | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 61 | Струга | ТВ Арт Канал | 2 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 6 | 1 | 5 |
| 62 | Струга | ТВ Калтрина | 5 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 9 | 2 | 7 |
| 63 | Струга | ТВ Спектра | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 0 | 8 | 6 | 2 |
| 64 | Струмица | ТВ Интел | 4 | 1 | 1 | 5 | 2 | 0 | 13 | 3 | 10 |
| 65 | Струмица | ТВ Вис | 5 | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 | 14 | 8 | 6 |
| 66 | Тетово | ТВ Арт | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 67 | Тетово | ТВ Кисс | 4 | 1 | 1 | 1 | 3 | 2 | 12 | 12 | 0 |
| 68 | Тетово | ТВ Коха | 4 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 9 | 8 | 1 |
| 69 | Тетово | ТВ Менада | 3 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 6 | 4 | 2 |
| 70 | Тетово | ТВ Супер Скај | 2 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 6 | 1 | 5 |
| 71 | Центар Жупа | ТВ Канал три | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| 72 | Штип | ТВ Ирис | 6 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 14 | 10 | 4 |
| 73 | Штип | ТВ СТАР | 3 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 10 | 10 | 0 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 74 | РМ | РА МРА | 141 | 4 | 2 | 7 | 81 | 63 | 298 | 298 | 0 |
| 75 | РМ | РА Антена 5 | 10 | 1 | 1 | 2 | 7 | 2 | 23 | 14 | 9 |
| 76 | РМ | РА Канал 77 | 0 | 0 | 1 | 4 | 0 | 2 | 7 | 5 | 2 |
| 77 | РМ | РА Рос Метрополис | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 0 | 7 |
| 78 | Скопје | Ра 90,3 ФМ | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| 79 | Скопје | РА Арачина | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 4 | 1 | 3 |
| 80 | Скопје | РА Буба Мара | 1 | 1 | 1 | 4 | 0 | 0 | 7 | 4 | 3 |
| 81 | Скопје | РА Фолк | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 2 | 1 |
| 82 | Скопје | РА Фортуна | 4 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 9 | 9 | 0 |
| 83 | Скопје | РА Класик | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 84 | Скопје | РА Клуб ФМ (Уно) | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 3 | 1 |
| 85 | Скопје | РА Лајф ФМ | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 86 | Скопје | РА Равел | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 87 | Скопје | РА Роса АБ | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 88 | Скопје | РА Сити | 4 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 9 | 9 | 0 |
| 89 | Скопје | РА Скај | 1 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| 90 | Скопје | РА Спортско Канал 4 | 2 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 6 | 6 | 0 |
| 91 | Скопје | РА Ват | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 4 | 11 | 8 | 3 |
| 92 | Скопје | РА Џез ФМ | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 93 | Скопје | РА Зона М-1 | 3 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 11 | 4 | 7 |
| 94 | Жировница | РА Еми | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 95 | Берово | РА Скај радио, Берово | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 8 | 1 | 7 |
| 96 | Битола | РА 106 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 4 | 3 | 1 |
| 97 | Битола | РА Актуел | 2 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 | 8 | 1 | 7 |
| 98 | Битола | РА Б-97 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 99 | Битола | РА Делфин | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 1 | 2 |
| 100 | Валандово | РА Валандово | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 101 | Велес | РА Це-Де | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 5 | 2 | 3 |
| 102 | Велес | РА Голди | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 7 | 0 | 7 |
| 103 | Велес | РА Мерак 5 ФМ | 3 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 7 | 5 | 2 |
| 104 | Виница | РА Ла Коста | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 1 | 2 |
| 105 | Гевгелија | РА Тајм | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 5 | 4 | 1 |
| 106 | Гостивар | РА Комета | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 107 | Гостивар | РА ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 108 | Дебар | РА Мерлин | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 1 | 3 |
| 109 | Делчево | РА Зора | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 110 | Кавадарци | РА Галакси-2002 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 111 | Кавадарци | РА Кавадарци | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| 112 | Кичево | РА А.Макед. | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 113 | Кичево | РА АКОРД ДООЕЛ Кичево | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 114 | Кичево | РА Медисон | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 3 | 1 | 2 |
| 115 | Кичево | РА Ускана-Плус | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 116 | Кочани | РА Роса | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 117 | Кочани | РА Кочани ФМ | 3 | 1 | 1 | 3 | 1 | 0 | 9 | 2 | 7 |
| 118 | Крива Паланка | РА Еко-проект | | | | | | | | | |
| 119 | Куманово | РА Браво | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 120 | Куманово | РА Јехона | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 5 | 2 | 3 |
| 121 | Куманово | РА КМР | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 122 | Куманово | РА Аљбана | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 123 | Куманово | Ра Монако Радио Сити ФМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 124 | Македонска Каменица | РА Македонска Каменица | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 125 | Македонски Брод | РА Морис плус | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| 126 | Неготино | РА Продукција-ЛГН | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 3 | 3 | 0 |
| 127 | Неготино | РА Пулс | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 128 | Охрид | РА Лав | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 2 | 6 | 0 | 6 |
| 129 | Охрид | РА МХ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 130 | Охрид | РА Супер | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 131 | Охрид | РА Охрид | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 8 | 2 | 6 |
| 132 | Пехчево | РА Пехчево | | | | | | | | | |
| 133 | Пласница | РА Мис 2008 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 3 | 1 | 2 |
| 134 | Прилеп | РА 5 Чоки | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 135 | Прилеп | РА Беса | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 136 | Прилеп | РА Холидеј | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 6 | 3 | 3 |
| 137 | Прилеп | РА Мефф | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| 138 | Прилеп | РА Тернипе | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 139 | Пробиштип | РА Еко | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 140 | Свети Николе | РА Модеа | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 3 | 1 | 2 |
| 141 | Свети Николе | РА Свети Николе | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 142 | Струга | РА Ди-Цеј | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 143 | Струга | РА Кики | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 144 | Струга | РА Рапи | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 145 | Струга | РА Ми Ни | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 146 | Струга | РА Енергу | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 147 | Струмица | РА Експрес | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 4 | 1 |
| 148 | Струмица | РА Хит | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 149 | Тетово | РА Блета | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 150 | Тетово | РА Фама | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 151 | Тетово | РА Кисс | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 4 | 4 | 0 |
| 152 | Тетово | РА Плус Форте | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| 153 | Тетово | РА Фокус | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 154 | Штип | РА Енџелс ФМ | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |